Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА Е-СКРИПТА „АНИМАЦИЈА ВО ТУРИЗМОТ” ОД Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ, ПО ПРЕДМЕТОТ АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Ракописот за скрипта „Анимација во туризмот” од авторот доц. д-р Златко Јаковлев е компатибилен со Наставната програма за предметот Анимации во туризмот, што се изучувана Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во V семестар на додипломските студии. Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2011/2012 година, се вреднува со 8 кредити.

Ракописот е напишан на Б5 формат, нормален прород, фонт Ariel со македонска поддршка, големина на буквите 12 и има вкупно 172 стр. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број на часови, при што се слуша како задолжителен предмет на двете насоки со 2+2+2, во V семестар. Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Анимации во туризмот. Во таа смисла, во ракописот детално се разработени 9 глави, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на анимацијата во туризмот.

Пишаниот материјал ја третира проблематиката на едно од поважните сегменти во развојот на туризмот, а тоа е потребата од организирање на содржината на туристичкиот престој. Во процесот на развој на туризмот како феномен на 21 век, анимацијата е еден од најважните сегменти на туристичката потреба, па истата се наметнува како императив. Понудениот ракопис укажува на потребата дека туристичката понуда, единствено преку туристичката пропаганда е во можност да ја зголеми економската ефикасност во нејзиното работење, но едновремено водејќи грижа и незапоставувајќи ги хуманистичките димензии на туризмот. Анимацијата во туризмот ја збогатува туристичката понуда со најразновидни содржини и ги мотивира посетителите на активен и посодржински престој. Сите напори за зголемување на туристичкиот промет и проширување на економската корист од туризмот се само толку делотворни, колку што се базирани врз потребите, желбите, склоностите и навиките на посетителите. Иако постојат одреден број автори кои се занимавале со проучување на оваа проблематика од теоретски аспект, сепак е мал бројот на истражувања од оваа област во нашата земја. Оттука, понудениот пишан материјал ја проучува од научен и стручен аспект проблематиката за потребата, значењето и оправданоста на анимацијата во туризмот, притоа презентирајќи предлог-програми за анимација на посетителите во Македонија. Во поднесениот ракопис на еден многу конкретен начин, преку приказ на соодветни примери, се даваат јасни и детални осврти на најинтересните точки кои ја третираат анимацијата во туризмот, како исклучително актуелна проблематика.

Ракописот методолошки е структуриран во 9 глави кои меѓусебе се надополнуваат. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава.

Првата глава е насловена *Теоретски аспекти на анимацијата во туризмот*. Најнапред е направен осврт на теоретските аспекти на оваа проблематика, притоа задржувајќи се на поимните определби и дефинирањето на анимацијата во туризмот, нејзиното значење, целите и принципите. Едновремено се обработени: интерперсоналната комуникција која претставува суштина на анимацијата во туризмот, каде посебно внимание е посветено на жанровите на јавното комуницирање, моделите на комуникација во анимацијата, како и факторите за успешно комуницирање.

Втората глава е насловена *Анимацијата интегрален сегмент на туристичката понуда*. Во неа е детално разработено прашањето за согледување на анимацијата како интегрален сегмент на туристичката понуда. Во тој контекст, посебно се детерминирани природните вредности и нивните анимациски карактеристики, како и антропогените вредности и нивните анимациски карактеристики. Главата е заокружена со прашањето за согледување на анимацијата како содржина на вонпансионската понуда.

Третата глава ја обработува проблематиката за менаџментот на анимацијата во туризмот. Оттука, интерес предизвикуваат точките за планирање на анимацијата во туризмот, како и програмирањето на анимацијата на посетителите за време на туристичкиот престој. Притоа, детално и систематично се појаснети принципите на програмирање, типовите програми, како и факторите кои влијаат врз програмирањето на анимацијата на посетителите. Во рамките на оваа глава, посебно се детерминирани просторот и кадрите како фактори на програмирање на анимацијата, како и точките за приспособување на анимациските програми според потребите, карактеристиките и менталитетот на посетителите. Следната точка која е елаборирана се однесува на организирањето на анимацијата во туризмот, а притоа поединечно се согледани точките за организирање: спортско-рекреативна анимација, културно-забавна анимација и анимација на излети и посети за време на туристичкиот престој. Главата е заокружена со елаборирање на прашањето за управување на анимацијата во туризмот како значајна менаџмент функција.

Четвртата глава, насловена како *Улогите на субјективниот фактор во збогатување на содржината на туристичкиот престој*, во детали ги објаснува и анализира психофизичките карактеристики на аниматорот, улогите што треба да ги исполнува во односот со посетителите, како и потребата од дефинирање на неговиот стручен профил.

Петтата глава е насловена *Ефекти и финансирање на анимацијата во туризмот*. Во неа се презентирани најчесто присутните ефекти на анимацијата, и тоа: директните (економски) ефекти, индиректните ефекти (ефекти на очекувано задоволство), како и општествените ефекти (реноме на дестинацијата). Едновремено, разработена е и точката која се однесува на финансирање на анимацијата во туризмот.

Шестата глава ги разработува најчесто применуваните методи и техники за истражување на анимацијата во туризмот. Оттука се разработени: методот на опсервација, скалите за проценување, како и анкетата и интервјуто како методолошки техники на истражување.

Седмата глава исцрпно и детално ги третира сите круцијални прашања поврзани со анимацијата во туристичката пропаганда. Притоа е дадено: поимното дефинирање на туристичката пропаганда, целите и задачите на туристичката пропаганда, видовите на туристичка пропаганда, како и можноста за презентирање на анимацијата преку туристичката пропаганда.

Осмата глава дава приказ на некои истражувања за анимацијата во туризмот, што се цени како посебен придонес на овој ракопис.

Последната, деветта глава е целосно апликативна, бидејќи сè она што во претходните глави е поставено како теоретски постулат, овде е применето во целост на случајот на Македонија. Така, посебна тежина и вредност на ракописот дава овој последен дел во кој се дадени предлог-програми за анимација на посетителите во Македонија.

На крајот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот. Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторот покажува големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирањена овие сложени прашања од областа на анимацијата во туризмот е многу пристапен со примена на јасни примери од непосредната практика, што овозможува стекнување на многу јасна слика за подготовка на наставниот час по предметот Анимации во туризмот.

Сметаме дека материјалот, како скрипта, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на теоретските барања, но едновремено и практичните потреби по предметот Анимации во туризмот за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија. Концизното и експлицитно презентирање на проблематиката од областа на анимациите дава голема можност за користење на овој материјали од страна на сите оние чинители, кои на каков било начин се директно или индиректно поврзани со развојот на туризмот.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за скрипта „Анимација во туризмот” од авторот доц. д-р Златко Јаковлев разработува едно од покомплексните прашања присутни во теоретската мисла која го проучува феноменот туризам. Прашањето за апликативна примена на анимацијата во туризмот е актуелно и постојано иницира мотиви за нејзино натамошно проучување. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Анимации во туризмот, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во V семестар, на додипломските студии на насоките: *Туризам* и *Гастрономија, исхрана и диететика*. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-скрипта, пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Анимација во туризмот” од авторот доц. д-р Златко Јаковлев да биде издаден во електронска форма како скрипта за потребите на студентите на додипломските студии на насоките: *Туризам* и *Гастрономија, исхрана и диететика* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Александар Цицковски, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Симонческа, с.р.**
**Доц. д-р Билјана Петревска, с.р.**